


НЕЗАВИСЕН



# ЗНМ побара одговорност за спречувањето на ТВ Алфа да известува од Мечкин Камен

04/08/2022 15:00

Здружението на новинари на Македонија денеска соопшти дека бара одговорност за спречувањето на екипа на ТВ Алфа на 2 Август да известува од Мечкин Камен.

„Новинарските екипи имаат право и обврска да информираат од настани кои се од јавен интерес, а не да се попречуваат во вршење на нивната работа. За ЗНМ е недозволиво владини служби да спречуваат новинари професионално да ја вршат работат, посебно



кога се работи за настани од отворен карактер. Бараме одговорност за ваквото однесување и во иднина да се воздржат од вакви постапки со една цел, а тоа е правото на информација на граѓаните да не биде повредено“, соопштија од ЗНМ.

-81%

Во соопштението тие посочуваат дека за време на одбележувањето на празникот Илинден на 2 август на Мечкин Камен во Крушево, според информациите на ТВ Алфа, нивната екипа првично била спречена да го проследи настанот со објаснување дека не е акредитирана за истиот. По повеќе од еден час објаснување со владините служби, им било дозволено да го проследат настанот.






## Најчитани

Горива
пое…

08/08/2022
13:12

Недел
фи…

08/08/2022
11:03

СДСМ
обј…

10/08/2022
13:53

Ако
неа…

05/08/2022
10:53

Дуа
Лип…

06/08/2022
15:04

Апаси
ги…

09/08/2022
12:45

